

Интегриран план за локален развој на Општина Ново Село

2019 – 2022

Ново Село, март 2019

This document was produced with the financial support of the project 'Improving Municipal Governance' financed by the European Union and implemented by the United Nations Development Programme (UNDP) in partnership with the Ministry of Local Self-Government and the Ministry of Finance. The views expressed herein are those of the authors and do not necessarily represent those of the EU nor the United Nations, including UNDP, or the UN Member States.

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на проектот „Унапредување на општинското владеење", финансиран од Европската Унија, а спроведуван од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и со Министерството за финансии. Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторите и не ги одразуваат ставовите на Европската Унија ниту на Обединетите нации, вклучувајќи го и УНДП, или на земјите членки на ОН.

СОДРЖИНА:

1. Воведно писмо од градоначалникот..... 4
2. Вовед –што претставува Интегрираниот план за локален развој..... 5
3. Начин и методологија на подготовката на ИПЛР..... 5
4. Вертикално и хоризонтално поврзување 6
   4.1. Вертикална интеграција..... 6
   4.2. Хоризонтална интеграција..... 6
5. Основни податоци за Општина Ново Село..... 7
   5.1. Кратко резиме на општината..... 7
   5.2. Структура на населението..... 8
   5.3. Економска структура..... 11
   5.4. Индустриски зони и локации за инвестирање..... 12
   5.5. Географска положба и клима..... 17
   5.6. Сообраќајни врски..... 17
6. СВОТ-анализа за Општина Ново Село..... 18
   6.1. СВОТ-анализа..... 18
   6.2. Заклучоци од извршената СВОТ-анализа..... 20
7. Визија на Општина Ново Село..... 24
8. Стратешки цели на Интегрираниот план за локален развој..... 25
9. Приоритети и мерки..... 25
10. Листа на приоритетни проекти..... 41
11. Финансиска конструкција..... 74
12. Индикатори за успешноста на ИПЛР..... 78
13. Спроведување на ИПЛР..... 81
    13.1. Спроведување..... 81
    13.2. Мониторинг, известување и евалуација..... 82
    13.3. План за комуникација..... 83
14. Тим одговорен за изработка на ИПЛР за Општина Ново Село 2019 – 2022..... 83

Анекси:

1. Анекс I – Методологија за СВОТ-анализата (анкетен лист)..... 84

1. Воведно писмо од градоначалникот

Почитувани граѓани,

Визијата на секој градоначалник е напредок и просперитет на општината со која управува. Успешна работа за подобри животни стандарди и зголемен квалитет на животот за сите граѓани во општината. Оттаму, за сето тоа да се овозможи, за да се оствари каков било напредок, потребно е внимателно планирање, што ќе овозможи вклучување на сите засегнати страни во подготовката на стратешките плански документи, како и во развојот на општината.

Претходно, единствениот стратешкиот документ за локален развој којшто ја опфаќаше Општина Ново Село беше изготвен за потребите на Струмичкиот микрорегион, односно за општините Босилово, Василево, Ново Село и Струмица. Сепак, овој стратешки документ се однесуваше на периодот 2006 – 2011 година. Потребата од важечки стратешки документи е секогаш присутна, особено од доменот на локалниот развој, животната средина, енергетска ефикасност и сл.

Препознавајќи ја потребата од важечки стратешки документи, Општина Ново Село, поддржана од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) преку проектот „Унапредување на општинското владеење“, финансиски поддржан од Европската Унија во партнерство со Министерството за локална самоуправа и со Министерството за финансии, започна со подготовка на Интегрираниот план за локален развој за периодот 2019 – 2022 година.

Интегрираниот план за локален развој е прв стратешки документ од ваков вид којшто се однесува само на потребите на Општина Ново Село. Станува збор за релативно нов модел на стратешко планирање, којшто ги вклучува сите засегнати страни во изработката и којшто, преку остварување на стратешките цели и приоритети, ќе се фокусира врз искористување на потенцијалите и решавање на проблемите на локално ниво со цел да се овозможи подобра иднина за сите граѓани на општината.

Градоначалник

на Општина Ново Село

Никола Андонов

2. Вовед – што претставува Интегрираниот план за локален развој

Интегрираниот план за локален развој е оперативен документ којшто се користи за спроведување планирани активности/проекти, со цел остварување на стратешките цели предвидени според потребите на општината и на засегнатите страни, и помага во следење на напредокот во развојот на општината.

Планот се однесува на целата територија на општината, во овој случај Општина Ново Село, како и на сите засегнати страни коишто можат активно да придонесат за развојот на општината.

Целта на Интегрираниот план за локален развој е да помогне и да придонесе за обезбедување квалитетен живот на локалното население во насока на подобрени социјални, општествени и просторни услови преку темелно и внимателно планирање. Овој стратешки документ, како и сите други, има јасно дефинирани цели, приоритети, мерки и активности, како и план за нивно спроведување со индикатори. Планот исто така содржи дефиниран буџет и временска рамка за планираните активности/проекти. На крај, планот има разработено методологија за следење, мониторинг и евалуација на имплементацијата на планот, што ќе послужи како основа за подготовка на нов план во наредниот плански циклус.

3. Начин и методологија на подготовка на ИПЛР

Подготовката на овој Интегриран план за локален развој за Општина Ново Село е резултат од активностите на проектот „Унапредување на општинското владеење“, финансиски поддржан од Европската Унија, а имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и со Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Презентацијата за составот и начинот на подготовка на Интегрираниот план за локален развој, како релативно нов начин на стратешко планирање, беше направена преку серија работилници за општинските ЛЕР-тимови, организирана од страна на тимот на УНДП. Процесот на подготовка на ИПЛР беше спроведуван од општинските ЛЕР-тимови во консултации со тим на консултанти од оваа област ангажирани од страна на УНДП.

Интегрираниот план за локален развој на Општина Ново Село се надоврзува на претходниот стратешки документ, односно на Стратегискиот план за развој на Струмичкиот микрорегион, којшто беше изработен за потребите на четири општини, и тоа Босилово, Василево, Ново Село и Струмица.

Во процесот на подготовката на ИПЛР, се водеше сметка Планот да се направи на транспарентен начин и со учество на сите засегнати страни. Процесот на подготовка на ИПЛР се спроведе во периодот од септември 2018 до март 2019 година.

Методологијата за подготовка на Интегрираниот план за локален развој 2019 – 2022 треба да се втемели врз здрава основа, односно со релевантните засегнати страни на локално ниво, на транспарентен и сеопфатен начин, преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на неговото спроведување. Самиот процес на подготовка на ИПЛР и активното вклучување на релевантните засегнати страни служи како основа за

зајакнување на односите и соработката помеѓу општината и релевантните засегнати страни и зајакнување на вистинската фунција на општината, односно координативната улога во спроведување на плановите/програмите, промоција на развојните можности на општината и обезбедување стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на локално ниво.

Следеше идентификација на релевантните засегнати страни и спроведување на СВОТ-анализата. Од резултатите на СВОТ-анализата, беа идентификувани визијата за општината во наредните 4 години и стратешките цели и приоритети. По идентификувањето, стратешките цели беа анализирани подетално и беа определени мерки за секоја стратешка цел поединечно. Со определување на мерките по приоритети, беа идентификувани приоритетни проекти за остварување, па оттаму беше испланиран буџетот потребен за остварување на стратешките цели на ИПЛР.

4. Вертикална и хоризонтална интеграција на ИПЛР

Во подготовката на Интегрираниот план за локален развој, покрај анализата на сегашната состојба, СВОТ-анализата, анализата на засегнатите страни итн., беа земени во предвид и постоечките релевантни национални, регионални и локални стратешки документи и Стратегијата Европа 2020.

4.1. Вертикална интеграција

При вертикалното поврзување на ИПЛР, беа консултирани визиите и стратешките цели на следниве стратешки документи:

- Стратегија Европа 2020;
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019 година;
- Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018 – 2023;
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014 – 2020 година.

4.2. Хоризонтална интеграција

При хоризонталното поврзување на ИПЛР, беа консултирани визиите, мисиите и стратешките цели на следниве стратешки документи:

- Стратегиски план за економски развој на Струмичкиот микрорегион;
- Локален акциски план за животната средина на Општина Ново Село;
- Мастер план за развој на туризмот во Општина Ново Село.


5. Основни податоци за Општина Ново Село

Општина:	Ново Село
Градоначалник:	Никола Андонов
Адреса:	ул. Мануш Турновски бр. 13 А Ново Село, 2434 Република Северна Македонија
Тел.	+389 34 355 202
Факс.	+389 34 355 702
Е-адреса:	administracija@novoselo.gov.mk
Веб-страница:	www.novoselo.gov.mk
Контакт:	Миле Вучетиќ 00389 72 590 195

5.1. Кратко резиме на општината

Општина Ново Село му припаѓа на Југоисточниот плански регион и го зазема крајниот југоисточен дел на Република Северна Македонија, се простира на површина од 424,82 км^2 и е од рурален карактер. На север, територијата се издига до сртот на планината Огражден, во средниот дел е широката рамнина на реката Струмица, а во јужниот дел таа се издига до сртот на планината Беласица, граничејќи се со општините Струмица, Берово и Босилово, источно со Република Бугарија и јужно со Република Грција.

Слика 1: Мапа на Република Северна Македонија и Општина Ново Село



Општина Ново Село опфаќа 16 населени места: Ново Село, Сушица, Мокрино, Мокриево, Борисово, Колешино, Зубово, Самоилово, Смоларе, Дражево, Старо Коњарево, Ново Коњарево, Бајково, Бадилен, Стиник и Барбарево, каде што живеат вкупно 11.567 жители (според податоците од Пописот на населението од 2002 година). Во општината има 5 населби со повеќе од 800 жители, 7 населби со повеќе од 300 жители и 4 мали населби со помалку од 100 жители. Според надморската височина на кои се наоѓаат населените места, 13 се наоѓаат на надморска височина од 200 – 360 м, а 3 се наоѓаат на надморска височина од 620 – 840 м.

5.2. Структура на населението


Табела 1: Број на население по населени места во Општина Ново Село

ред.бр.	Населено место	Мажи	Жени	Население
1	Бадилен	3	/	3
2	Бајково	1	1	2
3	Барбарево	30	32	62
4	Борисово	221	188	409
5	Дражево	253	209	462
6	Зубово	352	296	648
7	Колешино	424	421	845
8	Мокриево	605	606	1211
9	Мокрино	383	365	748
10	Ново Коњарево	478	456	934
11	Ново Село	1416	1340	2756
12	Самоилово	179	169	348
13	Смоларе	338	321	659
14	Старо Коњарево	308	303	611
15	Стиник	36	22	58
16	Сушица	952	859	1811
	Вкупно	**5979**	**5588**	**11567**

Извор: *Книга бр. 13, Попис 2002 – ДЗС на РСМ*

Во општинскиот центар Ново Село живеат 2.756 жители, или 24 % од вкупниот број на населението во општината. Според Пописот на населението од 2002 година, Македонци се 11.509, или 99,5 %, а останатиот дел се: Роми 3, Срби 25, Бошњаци 2 и останати 28. Густината на населеност изнесува 27,23 жители/km^2.

Графички приказ 1: Возрасна структура на населението



Извор: Државен завод за статистика, 2015


Според податоците, во Општина Ново Село бројот на невработени лица изнесува 1.061 (состојба на 31.11.2015)

Графички приказ 2: Невработени лица




Извор: АВРСМ, 2015 г.

Графички приказ 3: Возрасна структура на невработените – Активни баратели на работа



Извор: АВРСМ, 2015 г.

Графички приказ 4: Возрасна струткура на невработени – Пасивни баратели на работа



Извор: АВРСМ, 2015 г.

Табела 2: Образовна структура на невработените

Невработени лица според образование			
	Вкупно:	Мажи	Жени
Доктори на науки			
Магистри на науки	2	1	1
Високо образование	50	22	28

Више образование	8	6	2
Завршено средно образование	239	112	127
Непотполно средно образование	175	113	62
Основно и/или без образование	587	87	227
Вкупно:	1061	341	447

Извор: АВРСМ, 2015 г.

Слика 2: Вкупно население на Општина Ново Село според изјаснувањето за националната припадност

Општина	Вкупно	Македонци	Албанци	Турци	Роми	Власи	Срби	Бошњаци	Останати
Ново Село	11567	11509	/	/	3	/	25	2	28

Извор: *Книга бр. 13, попис 2002 - ДЗС на РСМ*

5.3. Економска структура


Во однос на економијата, според податоците од Државниот завод за статистика (Макстат база, 2017 година), во Општина Ново Село постојат 219 активни деловни субјекти.

Табела 3: Активни деловни субјекти – состојба 31 декември 2017 година

Сектори во кои се активни деловните субјекти		
Ред. бр.	Сектор	Број на деловни субјекти
1.	Земјоделство, шумарство и водостопанство	13
2.	Преработувачка индустрија	22
3.	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	1
4.	Градежништво	20
5.	Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли	82
6.	Транспорт и складирање	20
7.	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	17
8.	Информации и комуникации	5
9.	Финансиски дејности и дејности на осигурување	5
10.	Дејности во врска со недвижен имот	1
11.	Стручни, научни и технички дејности	4
12.	Административни и помошни услужни дејности	2
13.	Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	1
14.	Образование	4
15.	Дејности на здравствена и социјална заштита	14
16.	Уметност, забава и рекреација	1
17.	Други услужни дејности	7
	Вкупно:	219

Извор: Државен завод за статистика, 2017 г.

Графички приказ 5: Деловни субјекти по доминантни индустрии



Извор: Државен завод за статистика, 2015 г.

Табела 4: Активни деловни субјекти по големина – состојба 31 декември 2017 година

Активни деловни субјекти по големина во Општина Ново Село		
ред бр.	Големина	Број на субјекти
1.	Микро	143
2.	Мали	72
3.	Средни	4
4.	Големи	/
	Вкупно:	219

Извор: Државен завод за статистика 2017 г.


5.4. Индустриски зони и локации за инвестирање

Во општина Ново Село постојат четири индустриски зони, и тоа:

- Индустриска зона „Борисово“;
- Индустриска зона „Мокрино-Мокриево“;
- Индустриска зона „Брод-Зубово“;
- Индустриска зона „Онаа страна“.

Општинските поволности за инвестирање во индустриските зони: На барање на инвеститор, Советот на Општина Ново Село може да донесе одлука за утврдување посебни поволности за конкретна инвестиција.

Слика 3: Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Ново Село



5.4.1. Индустриска зона „Борисово“

Површина: 249.000 м²

Процент на изграденост: 30 %


Сопственост: 20 % државна, 80 % приватна

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 6 км до Ново Село

Табела 5: Карактеристики на слободни локации за градба – Борисово

Број на градежна парцела	Површина на земјиште	Површина за градба во основа (м²)	Макс. висина на градба (м)	Проценета цена на земјиште (ден./м²)	Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²)	Намена
1-3	2.940	999	П+2	61	300	Г2, Г3, Г4
1-5	2.740	1.156	П+2	61	300	Г2, Г3, Г4
1-7	4.007	1.692	П+2	61	300	Г2, Г3, Г4
1-30	3.210	1.421	П+2	61	300	Г2, Г3, Г4

Слика 4: Синтензен план на Индустриска зона „Борисово“



5.4.2. Индустриска зона „Мокрино-Мокриево“

Површина: 163.029 м²

Процент на изграденост: 20 %

Сопственост: 30 % државна, 70 % приватна

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 7,5 км до Ново Село

Табела 6: Карактеристики на слободни локации за градба Индустриска зона „Мокрино-Мокриево“

Број на градежна парцела	Површина на земјиште	Површина за градба во основа (м²)	Макс. висина на градба (м)	Проценета цена на земјиште (ден./м²)	Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²)	Намена
1	1.935	867	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
2	2.240	1.418	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
3	2.034	1.226	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
4	1.971	1.139	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
5	1941	1.170	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
6	2.061	1.042	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
11	1.566	765	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
12	2.454	1.288	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
14	756	357	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
16	831	238	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
19	2.767	1.056	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
20	3.719	1.822	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
21	8.662	4.674	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
23	16.627	12.672	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4
24	2.669	1.406	П+1	61	200	Г2, Г3, Г4

Слика 5: Индустриска зона „Мокрино – Мокриево“



5.4.3. Индустриска зона „Брод-Зубово“

Површина: 39.866 м²

Процент на изграденост: 0 %

Сопственост: 100 % приватна

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 4 км до Ново Село

Намена на слободни локации за градба: Г2, Г3, Г4 – лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта.

Слика 6: Синтензен план на Индустриска зона „Брод-Зубово“



5.4.4. Индустриска зона „Онаа страна“

Површина: 14,200 м²

Процент на изграденост: 0 %

Сопственост: 100 % државна

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 3 км до Ново Село

Намена на слободни локации за градба: Б5, Г2 – хотелски комплекс, лесна и незагадувачка индустрија

Табела 7: Карактеристики на слободни локации за градба во Индустриска зона „Онаа страна“

Број на градежна парцела	Површина на земјиште	Површина за градба во основа (м²)	Макс. висина на градба (м)	Проценета цена на земјиште (ден./м²)	Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²)	Намена
1.1	28.077	11.795	П+2	61	200	Б5
2.1	3.498	1.520	П+2	61	200	Г2
2.2	3.597	1.400	П+2	61	200	Г2
2.3	4.825	1.988	П+2	61	200	Г2
2.4	4.100	1.495	П+2	61	200	Г2

5.5. Географска положба и клима

Специфичната географска и топографска положба на регионот ја карактеризираат две зонални клими: главно медитеранска, со поголемо или помало вкрстување со источноконтиненталната. Со испреплетеноста на овие две клими, подрачјето има топла и семиаридна клима. Летото е долго, со релативно високи среднодневни температури во периодот на одгледување земјоделски култури на отворено (мај – октомври). Сезоната со температура над 10˚C изнесува над 215 денови, што е сосема доволен период за добивање физиолошки зрели плодови од повеќе градинарски култури. Средномесечните температури се движат од 13,4˚C до 25,9˚C.

Врнежите, според повеќегодишните процеси, често се дефицитарни и со непогоден распоред во текот на годината. Најголема количина врнежи се забележува во месеците мај и септември, додека во останатите месеци тие се минимални. Просечните годишни врнежи од околу 600 l/m^2 се од медитерански режим.

Во однос на светлината, Струмичкиот Регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлински интензитет, што позитивно влијае врз фруктификацијата на земјоделските плодови. Има околу 280 сончеви денови. Сончевиот сјај трае просечно 2377 часа годишно. Магла во просек има најмногу 20 дена.

Ветрови се јавуваат од сите правци. Најмногу се јавува северозападниот ветер, којшто го има во јули, а потоа југозападниот, којшто е пролетен. Поретко дува северецот и јужниот ветер.

Речиси целата површина на Општина Ново Село е педолошки испитана. Застапени се повеќе почвени типови. Најзастапени се поквалитетните почви, како што се: алувијалните, смолниците, гајњачите и карбонатите, со над 80 % од вкупно испитаната територија. Скалестите почви се најраспространети во планинскиот дел, односно во периферните делови на котлината. Во низинскиот и централен дел на котлината, најмногу ги има алувијалните почви. Во нив најголемо учество имаат почвите од II и III класа, додека помало учество имаат почвите од IV и V класа.

5.6. Сообраќајни врски

Со магистралниот пат А4 и регионалниот пат Р1402, општината е поврзана со останатите општини и непосредно со граничниот премин со Република Бугарија.

Табела 8: Сообраќајни врски

Автопати, експресни и магистрални патишта	
Директен пристап на магистрален патен правец А4	
Регионални патни правци што поминуваат низ општината	
Р1402	
Оддалеченост на општината од аеродроми (км)	
„Меѓународен аеродром Скопје“ – Скопје	153 км
„Св. Апостол Павле“ – Охрид	278 км
Аеродром Солун – Република Грција	167 км
Аеродром Софија – Република Бугарија	217 км
Оддалеченост на општината од железница (км)	
Железничка станица Гевгелија	68 км
Железничка станица Миравци	59 км
Железничка станица Штип	88 км
Оддалеченост на општината од пристаништа (км)	
Пристаниште Солун, Република Грција	144 км
Пристаниште Драч, Република Албанија	442 км
Пристаниште Бургас, Република Бугарија	551 км
Оддалеченост на општината од гранични премини (км)	
Република Грција	66 км
Република Бугарија	5 км
Република Србија	185 км
Република Косово	191 км
Република Албанија	296 км
Оддалеченост на општината од поважни градови (км)	
Скопје	172 км
Солун	144 км
Софија	214 км
Белград	586 км
Загреб	973 км
Истанбул	730 км
Виена	1.194 км
Будимпешта	975 км

Изобилството на природни богатства во Општина Ново Село создаваат поволни карактеристики за економски развој на југоисточниот дел од Република Северна Македонија, особено за развојот на руралниот туризам.

6. СВОТ-анализа за Општина Ново Село

6.1. СВОТ-анализата (strengths, weaknesses, opportunities and threats) е алатка за идентификување и анализирање на внатрешни и надворешни фактори кои може да влијаат, во овој случај, врз локалната економија. СВОТ-анализата е често користена алатка во стратешкото планирање и

претставува силна поддршка при донесувањето одлуки, бидејќи овозможува преглед на силните страни, слабите страни, можностите и заканите.

СВОТ-анализата разгледува четири елементи, и тоа:

- Strengths (Силни страни) – внатрешни атрибути и ресурси кои поддржуваат успешен резултат;
- Weaknesses (Слаби страни) – внатрешни атрибути и ресурси кои работат наспроти успешен резултат;
- Opportunities (Можности) – Надворешни фактори од кои може да се профитира или да се употребат за своја корист;
- Threats (Закани) – Надворешни фактори кои би можеле да го загрозат успехот.

Подолу разработената СВОТ-анализа е подготвена врз основа на податоци собрани од претходната СВОТ-анализа за Општина Ново Село, како и врз основа на податоците собрани преку пополнување на Прашалникот за сознавање на потребите и можностите за развој на територијата на Општина Ново Село (Прашалникот во Анекс I). Прашалникот беше пополнуван од страна на претставници на заинтересираните релевантни засегнати страни.

Табела 9: СВОТ-анализа

Силни страни	Слаби страни
- Богатство од природни ресурси и културно и историско наследство; - Поволна географска положба; - Поволни климатски и почвени услови за развој на земјоделството; - Голем број институции од различен профил; - Граничен премин со Република Бугарија.	- Недоволно развиена патна инфраструктура (постоечката е во лоша состојба); - Слаба мрежна покриеност на територијата на општината со канализациски системи; - Недоволна и несоодветна промоција на туристичките потенцијали; - Недоволна искористеност на туристичките потенцијали; - Недоволно обучено локално население за развој на туризмот; - Расцепкани земјоделски површини; - Слабо развиен граѓански сектор; - Непостоење важечки стратешки документи.

Можности	Закани
- Регионално поврзување на инфраструктурата (патна, енергетска, комуникациска....); - Висок потенцијал за развој на алтернативниот и селскиот туризам и искористување на природните ресурси за локален економски развој (шуми, водни ресурси и сл.); - Развој на алтернативна енергија (сончева); - Потенцијал за странски инвестиции; - Меѓународни фондови; - Постоење меѓуопштинска соработка; - Едукација преку обуки; - Гасификација.	- Загрозување на животната средина (диви депонии, неконтролирана употреба на хемиски препарати во земјоделството); - Одлив на човечки ресурси (квалификувани кадри) во странство; - Незаинтересираност на локалното население; - Лоша општа економска состојба; - Политички фактори.

6.2. Заклучоци од извршената СВОТ-анализа

СИЛНИ СТРАНИ (S)

- Богатство од природни ресурси и културно и историско наследство

Општина Ново Село изобилува со природни реткости што се заштитени од државата и се потенцијални туристички атракции. Овде се вбројуваат Смоларскиот Водопад, којшто е прогласен за Споменик на природата во 2006 година, Колешинскиот Водопад и Мокринските Извори, кои се заштитени подрачја. Покрај овие природни реткости, постојат и голем број археолошки наоѓалишта од римскиот период, но сè уште недоволно истражени: археолошкиот локалитет Црвено Поле, Голема трпеза и локалитетот Ќерамидарка. Сите овие природни реткости претставуваат добра основа за развој на туризмот во општината.

- Поволна географска положба

Општина Ново Село има добра географска местоположба. Се наоѓа на граница со Бугарија и Грција, има директен граничен премин со Република Бугарија, што овозможува фреквенција на луѓе и идеи, а ваквата близина исто така дава можност за зголемување на извозот на земјоделските производи и со самото тоа, за економски развој на општината.

- Поволни климатски и почвени услови за развој на земјоделството

Количините на минерални суровини се скромни и нивното искористување е на ниско ниво. Затоа, пак, земјоделското производство, поттикнато од умереноконтиненталната клима, е едно од најразвиените: поволната клима и поволниот состав на почвата придонесуваат за висок квалитет на житните, градинарските, индустриските и овошните засади.

- Голем број институции од различен профил (силен институционален капацитет)

Присуството на голем број просперитетни мали и средни претпријатија од различен профил, како едни од носителите на економскиот развој, претставуваат предуслов за понатамошен развој на општината.

СЛАБОСТИ (W)

- Недоволно развиена патна инфраструктура (постоечката е во лоша состојба)

Покрај поволната географска положба којашто ја има нашата општина со тоа што се наоѓа на граница со Бугарија и Грција, сепак во општината патната инфраструктура е недоволно развиена, а постоечката е во лоша состојба. Постои солиден број асфалтирани улици, но тие не ги задоволуваат потребите на жителите; сè уште постојат неасфалтирани улици и расчистување на локалните земјени патишта.

- Слаба мрежна покриеност на територијата на општината со канализациски системи

На територијата на општината, само 2 населени места се целосно опфатени со канализациски системи и едно е делумно мрежно покриено. Само едно населено место има прочистителна станица.

- Недоволна и несоодветна промоција на туристичкиот потенцијал

Богатството од природни ресурси и убавини, како и културно-историското наследство, претставуваат солидна база за иден развој на туризмот, а со самото тоа и на економскиот рзвој. Меѓутоа, и покрај нивното постоење, недостигот од унифицирана туристичка понуда и локални туристички водичи со туристички понуди доведува до слаба видливост на туристичките потенцијали и до нивна слаба искористеност.

- Недоволно обучено локално население за развој на туризмот

И покрај тоа што Општина Ново Село има добра географска поставеност за развој на туризмот, локалното население сè уште нема јасна слика за можностите на алтернативниот и селскиот туризам со коишто располагаат нивните населени места, ниту претстава за тоа како тие би ги искористиле таквите потенцијали и би профитирале од нив, што би водело до зголемен развој на локално ниво.

- Расцепкани земјоделски површини

Карактеристично за земјоделските површини во Општина Ново Село е што се мали и расцепкани.

- Слабо развиен граѓански сектор

Граѓанскиот сектор во Општина Ново Село е многу слабо развиен. Бројот на активни невладини здруженија и асоцијации е многу мал. Сепак, оние што постојат се од различен карактер, како еколошки, граѓански, културни, младински, здружение на телесно инвалидизирани лица, како и спортски здруженија. Иако одредени активности на овие здруженија придонесуваат за развитокот

на локално ниво, сепак повеќето се со слаб карактер и не оставаат забележителна трага во социјалното живеење во Општина Ново Село.

- Непостоење важечки стратешки документи

Потребата од важечки стратешки документи е огромна поради значењето што го имаат и придобивките од нив, но нивната изработка и финансирање е недоволно развиена практика.

МОЖНОСТИ (О)

- Регионално поврзување на инфраструктурата (патна, енергетска, комуникациска...)

Инфраструктурата во Општина Ново Село е недоволно развиена. Постоечката е во лоша состојба и затоа потребите за нејзино обновување се многу поголеми. Со нејзиното подобрување би се подобрило и регионалното поврзување и меѓусебната комункација, со што би се овозможил и побрз економски развој.

- Висок потенцијал за развој на алтернативен туризам и селски туризам и искористување на природните ресурси за локален економски развој (шуми, водни ресурси и сл.)

Општина Ново Село располага со голем број природни потенцијали. Располагањето со голема и квалитетна шумска површина, која секако во иднина треба да се прошири и да се заштити, природните убавини како што се Смоларскиот, Колешинскиот Водопад и Мокринските Извори се такви природни потенцијали кои општината има одлична можност да ги искористи и да ги стави во функција за иден развој. Исто така, има можности за риболовен туризам на реката Струмица и локалната брана „Новоселка“, за ловен туризам на локалните ловни терени, за посети на локални манастири и цркви.

- Развој на алтернативна енергија (сончева)

Во однос на сончевата светлина, Струмичкиот Регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлински интензитет. Има околу 280 сончеви денови. Сончевиот сјај трае просечно 2377 часа годишно. Сето тоа може да се искористи за производство на сончева енергија за локалните потреби.

- Потенцијал за странски инвестиции

На ниво на општината, постојат 6 (шест) мали индустриски зони кои овозможуваат поволности за странски инвестиции.

- Меѓународни фондови

Меѓународните фондови (ЕУ и останати фондови) овозможуваат финансиска поддршка за општината, за граѓанскиот и бизнис-секторот за инфраструктурен развиток, како и меки мерки што се изразуваат преку изработка на програми, работилници, обуки и сл.

- Постоење меѓуопштинска соработка

Меѓуопштинската соработка овозможува групирање на две или повеќе општини, без разлика дали се територијално соседни или не, заради реализирање заеднички цели или проекти.

- Едукација преку обуки

Организирањето обуки од различни видови за едукација на локалните граѓани кои се занимаваат со земјоделство, овоштарство, сточарство, бизнис-заедницата, младината итн. има голем потенцијал за подобрување на нивните способности и квалификации и за воспоставување нови системи на работа.

- Гасификација

Центарот на Југоисточниот плански регион, односно градот Струмица, користи гасоводна мрежа, која носи многу потенцијали за развој во случај на нејзино проширување и опфаќање и на Општина Ново Село.

ЗАКАНИ (Т)

- Загрозување на животната средина (диви депонии, неконтролирана употреба на хемиски препарати во земјоделството)

Една од заканите со кои се соочува општината е и загрозувањето на животната средина, а најголема причина за загадувањето е ниската еколошка свест на населението. Исто така, како голем проблем се издвојува и загадувањето на почвата со употреба на хемиски ѓубрива, сечењето и уништувањето на шумите, зголемувањето на бројот на диви депонии итн.)

- Одлив на човечки ресурси (квалификувани кадри) во странство

Во Општина Ново Село постојано се зголемува бројот на високообразованиот и стручен кадар, со што се јавува и потребата за нагло зголемување на бројот на работни места, односно за вработување на младото население. Сепак, реално гледано, општината се соочува со висока стапка на невработеност, со што и стремежите за нагло зголемување на бројот на работните места се тешко изводливи. Затоа, Општина Ново Село се соочува со еден од позначајните проблеми, а тоа е одлевањето на високообразованиот и стручен кадар во странство, што претставува закана за развојот на општината.

- Лоша општа економска состојба;
- Политички фактори.


Политичките фактори можат да влијаат позитивно, но и негативно врз локалната економија, но земајќи предвид дека политиката е навлезена во сите пори од животот во Северна Македонија, тоа е вистинска закана за локалниот развој.

7. Визија на Општина Ново Село

Општина Ново Село ќе биде привлечно и пристојно место за живеење, со задоволни и мотивирани граѓани, препознатлива туристичка дестинација со уникатни природни убавини и богато културно-историско наследство, со заштитена и еколошки чиста животна средина и со планирана и квалитетна инфраструктура, според потребите на граѓаните.

По поставување на визијата, произлегува дефинирањето на стратешките цели, приоритети и мерки и определувањето приоритетни проекти со чиешто остварување ќе се дефинира идната насока на развојот на општината.

Графички приказ 5: ***Графички приказ за поврзаноста на визијата, стратешките цели, мерките и проектите***



8. Стратешки цели на Интегрираниот план за локален развој

Стратешките цели се засновани врз наодите за тековната состојба и врз СВОТ-анализата, како и врз идентификацијата на стратешките предности, недостатоци и современи трендови, и се усогласуваат со визијата на општината.

Приоритетни области на стратешките цели се:

1. Економија и инвестиции;

2. Образование, здравство, социјална политика и развивање човечки ресурси;

3. Животна средина и енергетска ефикасност;

4. Инфраструктура;

5. Земјоделие и рурален развој.

Предвидените стратешки цели на Интегрираниот план за локален развој 2019 – 2022 се:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. Подобрување на условите и инфраструктурата во доменот на образованието, културата, социјалата, здравството, спортот, животот на младите и соработката со здруженијата на граѓани и фондациите.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3. Создавање одржлив развој на локалниот туризам преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости за креирање на богата и разновидна туристичка понуда.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4. Поттикнување на локалната економија и развој на човечки капитал.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5. Заштитена и еколошки здрава животна средина и оптимално користење на природните ресурси и енергетски потенцијали.

9. Приоритети и мерки

Остварувањето на овие стратешки цели ќе се постигне преку следните приоритети и мерки:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните.

Приоритет 1.1. Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура.

Мерка 1.1.1. Реконструкција и проширување на постоечката и изградба на нова локална и регионална патна инфраструктура;

Мерка 1.1.2. Изработка на техничка документација и просторно-урбанистичка планска документација;

Приоритет 1.2. Осовременување, проширување и изградба на нова современа комунална инфраструктура.

Мерка 1.2.1. Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдувачки системи;

Мерка 1.2.2. Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за справување со отпадни води;

Мерка 1.2.3. Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување;

Мерка 1.2.4. Изработка на техничка документација за подобрување на комуналната инфраструктура.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. Подобрување на условите и инфраструктурата во доменот на образованието, културата, социјалата, здравството, спортот, животот на младите и соработката со здруженијата на граѓани и фондациите.

Приоритет 2.1. Обезбедување инклузивна и ефективна образовна средина за сите.

Мерка 2.1.1. Подобрување на инфраструктурните и работните услови во воспитно-образовните институции;

Мерка 2.1.2. Континуирана доквалификација на образовните кадри.

Приоритет 2.2. Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини преку обезбедување поголема покриеност со здравствени и со социјални услуги.

Мерка 2.2.1. Подобрување на здравствените услуги;

Мерка 2.2.2. Подобрување на социјалните услуги.

Приоритет 2.3. Практикување на социјална инклузија преку подобрување на условите за живот на старите лица, на маргинализираните категории на граѓани и на ранливите групи.

Мерка 2.3.1. Градење/осовременување на потребната инфраструктура за подобрување на животниот стандард на маргинализираните категории граѓани и на ранливите групи;

Мерка 2.3.2. Обезбедување можности за квалификација, доквалификација и интегрирање на маргинализираните категории на граѓани и на ранливите групи;

Мерка 2.3.3. Обезбедување неформална и формална заштита на старите лица.

Приоритет 2.4. Подобрување на условите и поддршка на спортот и културата.

Мерка 2.4.1. Осовременување на инфраструктурата во спортот и во културата;

Мерка 2.4.2. Поддршка и промоција на спортски и на културни настани и активности.

Приоритет 2.5. Поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор.

Мерка 2.5.1. Институционална поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите;

Мерка 2.5.2. Подобрување на соработката на јавните институции со здруженијата на граѓани и фондациите.

Приоритет 2.6. Подобрување на животот на младите во руралните средини и практикување на родовата сензибилност.

Мерка 2.6.1. Интегрирање на младите во општествениот живот;

Мерка 2.6.2. Промовирање и практикување на родовата сензибилност во руралните средини.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3. Создавање одржлив развој на локалниот туризам преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости, кои ќе сочинуваат богата и разновидна туристичка понуда.

Приоритет 3.1. Развивање и осовременување на туристичката инфраструктура;

Приоритет 3.2. Создавање и интегрирање на туристичката понуда и промоција на туристичката дестинација;

Приоритет 3.3. Развивање човечки ресурси поврзано со туристичко-угостителскиот сектор.

Приоритет 3.1. Развивање и осовременување на туристичката инфраструктура.

Мерка 3.1.1. Подобрување на туристичката инфраструктура, сигнализација и услуги;

Мерка 3.1.2. Заштита на природното и културното наследство.

Приоритет 3.2. Креирање и интегрирање на туристичката понуда, промоција на туристичката дестинација.

Мерка 3.2.1. Подобрување на туристичката понуда;

Мерка 3.2.2. Спроведување мерки за промоција на туристичката дестинација.

Приоритет 3.3. Развивање човечки ресурси поврзано со туристичко-угостителскиот сектор.

Мерка 3.3.1. Едукација на кадри;

Мерка 3.3.2. Зголемување на мотивацијата за работа на туристичко-угостителскиот сектор кај младите.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4. Поттикнување на локалната рурална економија и развој на човечки капитал.

Приоритет 4.1. Подобрување на бизнис-климата и можностите за инвестирање и развој и проширување на малите и средните претпријатија.

Мерка 4.1.1. Институционална поддршка на бизнис-секторот;

Мерка 4.1.2. Зајакнување на капацитетите на малите и средните претпријатија.

Приоритет 4.2. Развој на земјоделското производство и преработувачката индустрија.

Мерка 4.2.1. Подобрување на квалитетот на земјоделските производи и овозможување поголем пласман;

Мерка 4.2.2. Поттикнување на растот во земјоделското производство преку техничко-технолошки развој и иновативен пристап.

Приоритет 4.3. Поттикнување на диверсификација на економијата во руралните средини.

Мерка 4.3.1. Поддршка на создавање мрежи, партнерства и јавно-приватни партнерства за соработка во руралната економија;

Мерка 4.3.2. Воспоставување алатки за финансиска и нефинансиска поддршка на субјекти од руралната економија;

Мерка 4.3.3. Стимулирање на примената на иновативноста во руралната економија.

Приоритет 4.4. Развивање на човечките ресурси и намалување на невработеноста.

Мерка 4.4.1. Зајакнување на човечките капацитети во согласност со потребите на пазарот на трудот;

Мерка 4.4.2. Поддршка за вработување и промоција на начините за самовработување.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5. Заштитена и еколошки здрава животна средина и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали.

Приоритет 5.1. Управување со животната средина и справување со климатските промени.

Мерка 5.1.1. Изработка на стратешки документи;

Мерка 5.1.2. Зајакнување на капацитетите на ЈКП;

Мерка 5.1.3. Изградба, санација и/или реконструкција на системите за одведување и третман на отпадните води;

Мерка 5.1.4. Регулирање и подобрување на управувањето со отпад.

Приоритет 5.2. Одржливо искористување на природните ресурси и воведување алтернативни извори на енергија.

Мерка 5.2.1. Искористување на водниот потенцијал;

Мерка 5.2.2. Одржливо искористување на шумите;

Мерка 5.2.3. Воведување алтернативни извори на енергија (биомаса, природен гас, сончева и ветерна енергија).

Приоритет 5.3. Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја.

Мерка 5.3.1. Заштита на растителниот свет;

Мерка 5.3.2. Заштита на животинскиот свет;

Мерка 5.3.3. Заштита и управување со заштитени подрачја и споменици на природата.

Табеларно претставување на поврзаноста на стратешките цели, приоритети, мерки и проекти/активности			
Стратешки цели	Приоритети	Мерки	Проекти/Активности
1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	1.1. Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура	1.1.1. Реконструкција и проширување на постоечката и изградба на нова локална и регионална патна инфраструктура 1.1.2. Изработка на техничка документација и просторно-урбанистичка планска документација	• Изградба на нови локални патишта • Реконструкција и санација на постојните локални патишта • Изградба на нови улици • Реконструкција и санација на постојните улици • Реконструкција, санација, изградба на тротоари • Уредување паркинг-простор • Подобрување на уличното јавно осветлување • Изградба на нови и реконструкција на постоечки мостови • Подобрување на постоечката и поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација • Подобрување и поставување ново осветлување на патната инфраструктура • Применување мерки за заштита на пешаците и на ранливите категории учесници во сообраќајот • Изградба на рекреативни пешачки, велосипедски патеки • Воведување и изработка на подземен катастар за постоечката патна инфраструктура (подземни инсталации) • Изработка на техничка документација за изведба на улици • Изработка на урбанистички планови за села • Изработка на урбанистички планови вон населени места • Изменување и дополнување урбанистички план за село • Изменување и дополнување урбанистички план вон населено место • Изработка на архитектонско-урбанистички проект • Изработка на урбанистички план за с. Смолари • Изработка на урбанистички план за с. Дражево • Изработка на урбанистички план за с. Бадилен • Изработка на ЛУПД КО Ново Село со намена Е3 (прочистителна станица)
	1.2. Осовременување, проширување и изградба на нова современа комунална инфраструктура	1.2.1. Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдувачки системи 1.2.2. Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за справување	• Изградба на нови водоснабдувачки системи • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Мокриево • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Мокрино • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Ново Коњарево • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Смоларе • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Сушица • Изградба на водоснабдувачки систем за с. Борисово

Изработка на ЛУПД КО Ново Село со намена Е3 (пречистувачка станица)	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Мерка 1.1.2. Изработка на техничка документација и просторно-урбанистичка планска документација
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Основна цел на проектот е изработка на ЛУПД за КО Ново Село со намена Е3, односно пречистувачка станица за потребите на канализацискиот систем во н.м. Ново Село. За претходно проектирање и изработка на техничката документација и изведба по техничката документација, најпрвин треба да биде изработен проект за ЛУПД со намена Е3. Пречистувачката станица ќе биде вклопена во канализацискиот систем на н.м. Ново Село и ќе ги третира отпадните води пред нивното испуштање во река Струмица, со цел најмало можно загадување.	
Очекувани резултати од проектот	• Изработен ЛУПД КО Ново Село со намена Е3 (пречистувачка станица) • Создадени услови за изработка на техничка документација и изведба на пречистувачка станица	
Список на главни активности	• Следење на законските правила и прописи при изработка на ЛУПД	
Чекори што треба да се реализираат		
Детален список на потребна техничка документација	/	
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за аплицирање	
Период на имплементација	2019 година	

Очекувани вкупни трошоци на проектот	200.000,00 ден.	Досега се инвестирани во проектот:	/

Очекувани извори за финансирање	
Општински буџет	200.000,00
Други извори	/

Проект 10

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет / Мерка на ИПЛР
Изработка на УПС за с. Смолари, с. Дражево и с. Бадилен во Општина Ново Село	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Мерка 1.1.2. Изработка на техничка документација и просторно-урбанистичка планска документација

Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи		
Краток опис на проектот	Потребата од Урбанистички планови за села (УПС) е основна од причина што тие се потребни за правилен развиток и регулација на овие населени места. Имено, со овој проект ќе бидат опфатени 3 населени места, и тоа с. Смолари, с. Дражево и с. Бадилен.		
Очекувани резултати од проектот	• Изработен УПС – Смолари • Изработен УПС – Дражево • Изработен УПС – Бадилен		
Список на главни активности	• Следење на законските правила и прописи за изработка на овој тип документација		
Чекори што треба да се реализираат			
Детален список на потребна техничка документација	• Графички прикази • Текстуален дел • Нумерички дел со билансни показатели		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2020 – 2022		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	1.200.000,00 ден.	Досега се инвестирани во проектот:	/

Очекувани извори за финансирање	
Општински буџет	1.200.000,00 ден.
Други извори	

Проект 11

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изведба на улиците бр. 8, бр. 4 и бр. 5 во н.м. Сушица, Општина Ново Село	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Приоритет 1.1. Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура Мерка 1.1.1. Реконструкција и проширување на постоечката и изградба на нова локална и регионална патна инфраструтура
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Пристапот кон населбата Сушица го овозможуваат два асфалтни локални пата, но внатрешната улична мрежа е сосем малку изградена. Жителите постојано се соочуваат со проблеми со калливите, прашливи и нерамни улици со дупки и камења, а безбедноста во сообраќајот во населбата е на многу ниско ниво. Поради тоа, честопати жителите трпат оштетување на своите моторни возила и земјоделска механизација, но и мали сообраќајни незгоди. Со овој проект се предвидува да се изградат три асфалтни улици: ул. бр. 8, во должина од 668 м и ширина на коловозот од 4 м, која ќе ги поврзе двата локални пата до населбата од источната и од западната страна, со што ќе се создаде кружно движење и ќе се избегне тешката земјоделска механизација и возила да се движат низ центарот на населбата, каде што има поголема фреквенција на пешаци и велосипедисти. Со ова ќе се зголеми безбедноста, но и ќе се намали загадувањето и бучавата. Потоа, ул. бр. 4 (140 х 4 м) и улица бр.5 (191 х 4 м), кои се половично асфалтирани и со овој проект ќе се доградат и ќе се поврзат како краци на ул. бр. 8, со што ќе се создадат услови за побезбедно и квалитетно движење на луѓето, земјоделските производи и разни други стоки низ населбата. Сето ова доведува и до поквалитетен живот на граѓаните.	
Очекувани резултати од проектот	• Асфалтирана ул. бр. 8, во должина од 668 м • Асфалтирана ул. бр. 4, во должина од 140 м • Асфалтирана ул. бр. 5, во должина од 191 м • Обезбедено локално поврзување, поголема заштита и подобрен живот за жителите на населеното место и останатите кои се движат по овие улици	
Список на главни активности	• Изградба на ул. бр. 8 (Подготвителни работи, долен строј, горен строј) • Изградба на ул. бр. 4 (Подготвителни работи, долен строј, горен строј) • Изградба на ул. бр. 5 (Подготвителни работи, долен строј, горен строј)	
Чекори што треба да се реализираат		
Детален список на потребна техничка документација	• Основен проект за изведба на улиците со бр. 8, 4, 5 во н.м. Сушица (има) • Ревизија на основниот проект за изведба на улиците со бр. 8, 4, 5 во н.м. Сушица (има) • Останата придружна документација (има) • Одобрение за градба (има)	
Статус на проектот	Многу зрел, подготвен за имплементација со потребната техничка документација	
Период на имплементација	2019 година	

Очекувани вкупни трошоци на проектот	6.493.457,6 денари	Досега се инвестирани во проектот:	Техничка документација
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	990.527,4 денари		
Други извори	5.502.930,2 денари ИПАРД		

Проект 12

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изградба на локален пат Ново Село – Барбарево (втора фаза)	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Приоритет 1.1. Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура Мерка 1.1.1. Реконструкција и проширување на постоечката и изградба на нова локална и регионална патна инфраструтура
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго - наведи	
Краток опис на проектот	На планината Огражден, 15 км северно од општинскиот центар Ново Село, се наоѓа месноста Црвено Поле. Оваа локација е од големо значење за жителите на Ново Село бидејќи таму се наоѓа селото Барбарево, археолошкиот локалитет Црвено Поле, како и плодно земјоделско земјиште, пасишта и ловиште. Секојдневното движење на жителите од Ново Село кон Црвено Поле е постојано бидејќи тие ги извршуваат своите земјоделски и сточарски работи. Постојано се зголемува и бројот на туристи кои го посетуваат археолошкиот локалитет Црвено Поле, којшто датира од неолитот. Освен ова, и ловниот туризам е во постојан раст. Од овие причини Општина Ново Село веќе има изградено една делница од локалниот пат од Ново Село до Црвено Поле, во вкупна должина од 15 км. Со овој проект се предвидува да се изгради уште една делница во должина од 1116.8 м, која претставува најзагрозениот дел од локалниот пат, со што значително ќе се подобри сообраќајната комуникација со општинскиот центар, а ќе се создадат и услови за развој на алтернативниот туризам и поголеми економски придобивки за сите.	
Очекувани резултати од проектот	• Изградена делница од 1116,8 м кон археолошки локалитет Црвено Поле • Овозможено поврзување и подобрени сообраќајни услови кон археолошки локалитет Црвено Поле • Олеснето движење кон земјоделски површини, ливади и населено место Барбарево	
Список на главни активности	• Изградба на локален пат Ново Село – Барбарево (втора фаза) (Подготвителни работи, долен строј, горен строј)	
Чекори што треба да се		

реализираат			
Детален список на потребна техничка документација	• Основен проект за изградба на локален пат Ново Село – Барбарево (има) • Ревизија на основниот проект (има) • Останата техничка документација (има) • Одобрение за градба (нема)		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација со потребната техничка документација		
Период на имплементација	2019 година		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	9.186.067,7 ден	Досега се инвестирани во проектот:	Прва фаза и техничка документација
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	1.401.264,5 ден.		
Други извори	7.784.803,2 ден./ИПАРД		

Проект 13

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Инсталација на системи за топловодно греење во подрачните училишта во с. Сушица и с. Мокриево, Општина Ново Село	Стратешка цел 2. Подобрување на условите и инфраструктурата во доменот на образованието, културата, социјалата, здравството, спортот, младите и соработката со здруженијата на граѓани и фондациите	Приоритет 2.1. Обезбедување инклузивна и ефективна образовна средина за сите Мерка 2.1.1. Подобрување на инфраструктурните услови во воспитно-образовните институции Активност: Изградба и/или пренамена на постојните системи за затоплување на енергетски ефикасни системи (биоизвори, природен гас, сончева енергија)
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Основна цел на овој проект е подобрување на работните услови преку унапредување на постојните системи за затоплување во систем за топловодно греење со користење пелети. Сегашната состојба со затоплувањето во овие училишта е прилично незавидна: во секоја училница од двете подрачни училишта постојат и се употребуваат застарени печки на огревно дрво. Тие се непрактични и несоодветни за овие училишта, бидејќи со ваквиот вид затоплување има многу проблеми. Најголемиот проблем е загадувањето на воздухот со чад, односно печките со кои се затоплуваат училниците чадат, а учениците и наставниците го дишат таквиот воздух. Понатаму, потребата од постојан надзор и додавање дрва во печките го нарушува текот на наставата, го одзема вниманието на учениците и ја нарушува нивната концентрација. Поради позиционирањето на печките и самиот факт што постои по едно грејно тело во секоја училница, нивното затоплување е прилично нерамномерно. Постојниот застарен „систем“ за затоплување претставува и голем ризик за настанување пожар, доколку не	

	е под постојан надзор. Новите системи за затоплување што ќе се инсталираат како дел од активностите предвидени со овој проект во двете подрачни училишта ќе бидат печки за топловодно греење и ќе користат пелети како извор за затоплување. Со новопоставените системи ќе се надминат многу од досегашните проблеми со кои се соочуваат овие подрачни училишта. Овие системи за централизирано греење ќе го затоплуваат целиот објект рамномерно. Воздухот во училниците, којшто досега повремено беше полн со чад од старите печки, сега ќе биде чист и ќе им овозможи на учениците и персоналот здрава средина за работа. Новиот систем е прилично економичен, со што ќе се намалат финансиските трошоци на училиштето и финансиите ќе може да се пренаменат за некои други потреби. Досега имаше потреба секој наставник да е во постојан надзор на застарените грејни тела во секоја просторија поради потребата од додавање дрва или од безбедносни причини, но со новопоставените системи секоја просторија ќе има грејни тела – панелни радијатори кои немаат потреба од надзор, нема да одземаат дополнително внимание и да ја нарушуваат концентрацијата на учениците и наставниците, овозможувајќи непречен тек на наставата.		
Очекувани резултати од проектот	• Инсталиран систем за топловодно греење во подрачното училиште во с. Сушица • Инсталиран систем за топловодно греење во подрачното училиште во с. Мокриево • Елиминирано загадувањето на воздухот во училниците на двете подрачни училишта • Создадени услови за непречен тек на настава и квалитетно образование		
Список на главни активности	• Инсталација на топловодно греење во подрачното училиште во с. Сушица • Инсталација на топловодно греење во подрачното училиште во с. Мокриево		
Чекори кои треба да се реализираат			
Детален список на потребна техничка документација	• Основен проект за изведба на топловодни системи во подрачните училишта во с. Сушица и с. Мокриево (има) • Ревизија на основниот проект (има) • Останата придружна документација (графички прикази) (има)		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација со потребната техничка документација		
Период на имплементација	2019 година		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	1.598.949,00 ден.	Досега се инвестирани во проектот:	65.000,00 ден. (техничка документација)
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	/		
Други извори	УНДП		

Проект 14

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР

Партерно уредување на излетнички места во Општина Ново Село	Стратешка цел 3. Создавање одржлив развој на локалниот туризам преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости, што сочинуваат богата и разновидна туристичка понуда	Приоритет 3.1. Развивање и осовременување на туристичката инфраструктура Мерка 3.1.1. Подобрување на туристичката инфраструктура, сигналиација и услуги
Носител на проектот	• **Општина** • **Јавна институција** • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Овој проект опфаќа партерно уредување на четири туристички локалитети во Општина Ново Село: Смоларски Водопад, Колешински Водопад, Мокрински Извори и излетничко место Пирго. Туристичките локации што се предмет на разработка во овој проект се веќе етаблирани и познати во регионот. Смоларскиот Водопад, којшто е прогласен за Споменик на природата во 2006 година, е најпозната и најпосетувана атракција од четирите. Останатите три локации, иако помалку познати на национално и на меѓународно ниво, се прилично познати на локално ниво. Потенцијалот на овие локации се наоѓа во добро сочуваната природа на планината Беласица, достапноста преку патната инфраструктура и благата клима, дури и во најжешките месеци во годината. Со спроведување на активностите предвидени со овој потпроект, туристичките локации ќе бидат подобрени, рехабилитирани, збогатени со активности и поатрактивни. Подетално ќе се постигне следното: со поправените заштитни огради и поплочените и рехабилитирани пешачки патеки кон водопадите, ќе се обезбеди сигурноста на посетителите и ќе се спречи ерозија на пристапните патеки; на одредени локации ќе се обезбеди пристап за лица со инвалидитет; со набавени и монтирани корпи за отпадоци со амбиентални дрвени облоги, ќе се регулира фрлањето отпадоци и истовремено ќе се задржи природниот изглед и недопрената природа на локациите; со поставување нови амбиентални маси, клупи, македонски традиционални фурни, летниковци, игралиште за одбојка, амбиентални детски реквизити, ќе им се овозможи на посетителите да го продолжат својот престој, старите лица, кои инаку се една од најголемите групи посетители на регионот, ќе имаат место за одмор и релаксација, младите ќе имаат место за рекреација и локациите, воопшто, ќе бидат фамилијарно уредени; со реконструиран и дограден амфитеатар ќе се овозможи поголем простор за одржување годишни традиционални средби на излетничкото место Пирго. Ќе се уредат паркинг-простори и места за паркинг на велосипеди. Дополнително, со поставувањето патна и туристичка сигнализација кон туристичките локалитети, ќе се олесни пристапувањето на туристите до самите локации. Поставувањето информативни табли на сите 4 локации ќе обезбедат повеќе информации и едукација за карактерот и историјата на локациите. Со одбележувањето, постаувањето и уредувањето паркинг-простори за моторни возила и за велосипеди, ќе се постигне поголема безбедност.	
Очекувани резултати од проектот	• Подобрени, рехабилитирани, збогатени со активности и поатрактивни туристички локации • Заштитена животна средина преку регулирање на посетителите • Информирани посетители со инфотабли и знаци на туристичките атракции • Подобрена патоказна и туристичка сигнализација кон туристичките места	
Список на главни активности	• Партерно уредување на локација Смоларски Водопад • Партерно уредување на локација Колешински Водопад • Партерно уредување на локација Мокрински Извори • Партерно уредување на локација Пирго	
Чекори што треба да се реализираат		

Детален список на потребна техничка документација	• Проект за партерно уредување на излетнички места во Општина Ново Село (има) • Предмер-пресметка (има)		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација со потребна техничка документација		
Период на имплементација	2020 – 2021		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	8.293.835,00 ден	Досега се инвестирани во проектот:	200.000,00 (техничка документација)
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	Национална/меѓународна грантова шема		

Проект 15

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Реставрација, реконструкција и обновување на рановизантиска набљудувачка кула Пирго-Каљ'ната	Стратешка цел 3. Создавање одржлив развој на локалниот туризам преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости, што сочинуваат богата и разновидна туристичка понуда	Приоритет 3.1. Развивање и осовременување на туристичка инфраструктура Мерка 3.1.2. Заштита на природното и културното наследство
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Со овој проект се предвидува заштита на културно-историското наследство преку реставрација, реконструкција и обновување на рановизантиска набљудувачка кула Пирго- Каљ'ната. Имено, судејќи според конструктивните карактеристики, ѕидана во техниката емплектон, оваа кула датира од рановизантискиот период, односно од периодот на Цар Самуил. Преку извршените истражувања, утврдено е дека била повеќекатна, во висина од повеќе од 20 м и должина на страните од 10,65м. Во неа била сместена мала воена посада (стража), која била задолжена да ги чува патните комуникации и навреме да ги алармира посадите од соседните крајпатни укрепувања. Во соработка со надлежниот музеј, утврден е изгледот и конструкцијата на кулата во првобитната верзија од времето пред да биде урната. Оттаму, со овој проект, се предвидува обновување на оваа кула и нејзино враќање кон поранешната убавина и величественост.	
Очекувани резултати од проектот	• Реставрирана, реконструирана и обновена рановизантиска набљудувачка кула Пирго-Каљ'ната • Заштитено и промовирано културно-историско наследство	
Список на главни активности	• Усогласени по подоготовката на техничка документација	
Чекори што треба да се реализираат	• Подготовка на техничка документација	
Детален список на	• Идеен проект (нема)	

потребна техничка документација	• Основен проект (нема) • Елаборат за заштита на културно-историски објект (нема) • Одобрение за градба (нема)		
Статус на проектот	• Делумно развиен проект, со делумно подготвен идеен проект • Потребна е подготовка на основниот проект и придружна документација за заштита на културно-историски објект во заштитено подрачје		
Период на имплементација	2021 – 2022		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	200.000,00 – техничка документација 8.200.000,00 ден – изведба	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	200.000,00		
Други извори	8.200.000,00 Национални/меѓународни грантови шеми		

Проект 16

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изведба на улици во Општина Ново Село	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на сообраќајно-транспортната и комуналната инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Приоритет 1.1. Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно- транспортна инфраструктура Мерка 1.1.2. Изработка на техничка документација и просторно-урбанистичка планска документација
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Во моментов, во населените места на Општина Ново Село, постојат многу земјени улици кои, поради нивната сегашна состојба, го отежнуваат движењето на населението и поврзаноста со останатиот дел од општината. Таквите земјени улици ги има низ целата општина, но со овој предлог-проект се предвидува изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изградба на најприоритетните улици во општината. Сегашната состојба на овие земјени улици е прилично неповолна бидејќи при обилните врнежи од дожд или снег, тие се претвораат во калливи терени коишто дополнително го отежнуваат движењето и поврзаноста на населението, се создаваат услови за нивна постојана ерозија и постојана потреба од полнење на преостанатите дупки со уште повеќе земја. Во топлите периоди во годината, земјените улици се прилично суви и при движењето на автомобилите, се создаваат големи наноси од прашина, со што се загадува воздухот. Оваа состојба е постојан проблем за семејствата кои живеат на овие улици како директни корисници, како и на останатите граѓани во општината кои ги користат овие улици. Со изработката на проектната документација, како резултат на овој предлог-проект, ќе се овозможат предуслови за изнаоѓање финансиски средства за изведба на овие улици и решавање на претходно споменатите проблеми. Со овој предлог-проект се опфатени следните улици: во с. Колешино, ул. 9 во должина од 241 м; во с. Ново Коњарево, еден проект на поврзаните улици, ул. 14 во должина од 450 м и ул.	

	28, во должина од 230м, ул. 31 во должина од 180, ул. 16 во должина од 250 м; во с. Ново Село, еден проект на поврзаните улици, ул. „Герас Цунев“ (должина од 152 м), ул. „Илинденска“ (должина од 263 м), ул. „Струмица“ (должина 339 м) и еден проект за ул. „Китка“ (ул. 66) во должина од 677 м; во с. Сушица, еден проект на поврзаните улици, ул. 3 (500 м), ул. 4 (130 м) и ул. 19 (260 м). Со изградбата на улиците предвидени со проектот ќе се обезбеди современа патна инфраструктура, која ќе обезбеди поголема сигурност и заштита на сите учесници во сообраќајот и ќе биде во корист на локалните жители, на потенцијалните туристи кои поминуваат низ Општина Ново Село, а од особена корист ќе биде за луѓето со посебни потреби и за семејствата со мали деца. Проектот обезбедува интегрирање на населените места во општината и побезбеден, полесен и побрз пристап на сите засегнати страни до посакуваните дестинации.		
Очекувани резултати од проектот	• 7 Основни проекти за изведба на улици • 7 Проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина • 7 Ревизии на основни проекти за изведба на улици • 7 Ревизии на проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина		
Список на главни активности	• Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на проектна документација за изведба на улици во Општина Ново Село • Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на ревизии на основни проекти и проекти за инфраструктура со елаборат за заштита на животната средина за изведба на улици во Општина Ново Село • Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти и проекти за инфраструктура со елаборати за животна средина за изведба на улици во Општина Ново Село • Изработка на ревизии на основните проекти и проектите за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина за изведба на улици во Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите горенаведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2019 – 2020		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	765.820,00 денари	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	230.000,00 денари		
Други извори	535.820,00 денари		

Проект 17

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Партерно уредување на локалитет „Чешма на Баба Ванѓа“ во Општина Ново Село	Стратешка цел 3. Создавање одржлив развој на локалниот туризам преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости, што сочинуваат богата и разновидна туристичка понуда	Приоритет 3.1. Развивање и осовременување на туристичката инфраструктура 3.1.2. Заштита на природното и културното наследство
Носител на проектот	• Општина • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Локалитетот Баба Ванѓа се наоѓа на западниот излез на Ново Село, од десната страна на главниот пат. Тоа е она местото каде што, според верувањата, претскажувачката Баба Ванѓа го изгубила својот вид. На овој локалитет постои чешма која потекнува од времето на Отоманската Империја. Околу чешмата постои засолниште со пластична купола, околу која се сместени неколку летниковци опремени со клупи. Местото се наоѓа на К.П. 4024 и има површина од 2636 m². Локацијата може да се најде во К.О. Ново Село – вон град. Местото често е посетувано од туристи од прекуграничниот регион од Бугарија, и поради тоа постои потреба од подобрување на инфраструктурата. Влезот на локацијата ќе биде преку две страни кон парцелата. Едниот ќе биде пешачки влез од источната страна, во близина на патот кон границата со Бугарија; овој влез ќе биде изграден со скали кои се спуштаат кон чешмата. Во близина на овој прв влез ќе има паркинг-простор со капацитет за 7 автомобили. Вториот влез кон локацијата ќе биде од западната страна, достапен преку постоечкиот пат и на таа страна ќе се постави паркинг-простор со капацитет од 11 автомобили. Овој втор влез ќе биде достапен и за лицата со хендикеп. Во основниот проект е предвидено да се постави заштитна ограда. На локалитетот ќе постојат два тоалети, еден за мажи и еден за жени, сместени во објект изграден од армиран бетон и дрвен покрив покриен со ќерамиди. Двата постоечки летниковци ќе бидат урнати и ќе бидат поставени три нови летниковци. Летниковците ќе бидат изградени со бетонски столбови обложени со декоративни камени плочки, а покривот ќе биде направен од дрвена конструкција покриен со обоен Lexan. Во средината на локалитетот ќе има простор за одмор и рекреација, поплочен со павер блокови (димензии 8x20 см); под блоковите ќе има слој од чакал и песок од 10 см. Просторите помеѓу тротоарите ќе бидат зелени површини со дрвја. За наводнување на зелените површини, ќе има два системи; еден ќе биде за прскалки и еден „капка по капка“. Системот ќе биде програмиран да работи во текот на ноќта или во раните утрински часови. Тоа ќе биде на автоматски систем на напојување, при што сензорите ќе одлучат дали зелените површини имаат потреба од наводнување. Ќе има поставено клупи. На левата страна од локалитетот ќе има игралиште за деца со лулашка, вртелешка, лизгалка, пирамида за искачување. Игралиштето ќе биде поставено врз песок. На сите страни од локалитетот ќе има вкупно 25 дрвени клупи за седење. Саксии за цвеќиња и корпи за отпадоци исто така ќе бидат поставени на локалитетот, локациите се прецизирани во основниот проект. Осветлувањето на просторот ќе биде изведено со улични канделабри инсталирани според основниот проект.	
Очекувани резултати од проектот	• Партерно уредена локацијата Чешма на Баба Ванѓа • Заштитено културно наследство • Овозможен простор за рекреација и дружба • Воспоставување туристички локалитет	

Список на главни активности	• Изработка, транспорт и монтажа на метална ограда според дадени детали и цртежи, со изградба на бетонски ѕид со столбови и вградена арматура • Изведба на објект Санитарии, по дадени цртежи и детали, комплет со темелење, бетонирање, оплатирање, армирање, ѕидање, покривање, вградена електрика, керамика и санитарна опрема. • Изведба на шеталиште со дадени детали на перголи и бетонски жардинери според дадени детали и цртежи со потребен ископ за денивелација на теренот • Набавка, транспорт и монтажа на бекатон-плочи • Набавка, транспорт и монтажа на урбана опрема • Изработка на тревна површина • Изведба на армиранобетонски потпорен ѕид, армиранобетонски скали со вградена арматура • Набавка, транспорт и вградување систем за наводнување на зелени површини		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите претходно наведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	• Проект за партерно уредување на локалитет Чешма на Баба Ванѓа – Ново Село (има) • Ревизија на проект за партерно уредување на локалитет Чешма на Баба Ванѓа – Ново Село (има) • Одобрение за градба (има)		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација со потребната техничка документација		
Период на имплементација	2021 – 2022 година		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	7.519.196,00 ден.	Досега се инвестирани во проектот:	Техничка документација
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	ИПА/Национални фондови		

Проект 18

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет / Мерка на ИПЛР
Изработка на програма за млади на Општина Ново Село	Стратешка цел 2. Подобрување на условите и инраструктурата во доменот на образованието, културата, социјалата, здравството, спортот, младите и соработката со здруженијата на граѓани и фондациите	Приоритет 2.6. Подобрување на животот на младите во руралните средини и практикување родова сензибилност Мерка 2.6.1. Интегрирање на младите во општествениот живот
Носител на проектот	• **Општина** • **Јавна институција** • **НВО** • Друго – наведи	

Краток опис на проектот	Со овој проект се предвидува изработка на Програма за млади за Општина Ново Село. Целната група на проектот се сите лица на возраст 15 – 30 години кои живеат на територијата на Општина Ново Село. Целта на програмата е да се изгради заедничка визија за иднината на младите, да се постават приоритетите, да се фокусираат ресурсите на општината и сите останати засегнати страни кои може да придонесат за реализирање на целите на програмата.		
Очекувани резултати од проектот	• Изготвена Програма за млади на Општина Ново Село • Поставени цели, приоритети и мерки за подобрување на животот на младите во Општина Ново Село		
Список на главни активности	• Изнаоѓање средства • Формирање тим за изработка • Процес на истражување, усогласување, подготовка на програмата • Усвојување на Програмата од Советот на Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите претходно наведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2020		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	300.000,00 ден.	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	Национални/меѓународни фондови		

Проект 19

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изработка на Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ново Село	Стратешка цел 2. Подобрување на условите и инраструктурата во доменот на образованието, културата, социјалата, здравството, спортот, младите и соработката со здруженијата на граѓани и фондациите	Приоритет 2.6. Подобрување на животот на младите во руралните средини и практикување родова сензибилност Мерка 2.6.2. Промовирање и практикување родова сензибилност во руралните средини
Носител на проектот	• **Општина** • **Јавна институција** • **НВО** • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Со овој проект се предвидува изработка на Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ново Село. Стратегијата има за цел да постави визија, стратешки цели, приоритети и мерки преку кои ќе се воспоставува и ќе се подобрува родовата еднаквост во општината. Во подготовката на стратегијата ќе бидат вклучени Советот на		

	Општина Ново Село, надлежната општинска администрација, заинтересирано население и граѓански организации, бизнис-секторот и сите останати заинтересирани страни кои можат да придонесат за реализирање и подготовка на стратегијата.		
Очекувани резултати од проектот	• Изготвена Стратегија за унапредување на родовата еднаквост • Поставени визија, цели, приоритети и мерки за унапредување на родовата еднаквост		
Список на главни активности	• Изнаоѓање финансии • Формирање тим за изработка • Процес на истражување, усогласување, подготовка на стратегијата • Усвојување на Стратегијата од Советот на Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите горенаведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2020 год.		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	350.000.00 ден	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	Национални и меѓународни фондови		

Проект 20

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изработка на ЛЕАП за Општина Ново Село	Стратешка цел 5. Заштитена и еколошки здрава животна средина и оптимално користење на природните ресурси и енергетски потенцијали	Приоритет 5.1. Управување со животната средина и справување со климатските промени Мерка 5.1.1. Изработка на стратешки документи
Носител на проектот	• **Општина** • **Јавна институција** • **НВО** • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Со овој проект се предвидува изработка на Локален еколошки акциски план за животната средина (ЛЕАП). ЛЕАП претставува стратешки документ што предвидува заштита, планирање и управување со животната средина. Со него се сознаваат актуелните состојби во областа на животната средина. Општината претходно има изработено ЛЕАП, но во моментов тој е неважечки и треба да биде обновен. Во ЛЕАП-от треба да бидат предвидени визијата, стратешките цели, приоритетите и мерките со кои ќе се регулира и унапредува управувањето со животната средина.	

Очекувани резултати од проектот	• Изработен Локален еколошки акциски план за Општина Ново Село • Поставени стратешки цели, приоритети и мерки за унапредување на управувањето со животната средина		
Список на главни активности	• Формирање тим за изработка на стратешкиот документ • Процес на истражување, усогласување и изработка на документот • Усвојување на стратешкиот документ од Советот на Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите претходно наведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2019 – 2020		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	300.000,00 ден	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	Централна власт		

Проект 21

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет / Мерка на ИПЛР
Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изградба на водоснабдувачки системи за Мокрино и Мокриево во Општина Ново Село	Стратешка цел 1: Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Приоритет 1.2. Осовременување, проширување и изградба на нова современа комунална инфраструктура Мерка 1.2.4. Изработка на техничка документација за подобрување на комуналната инфраструктура
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Во руралните општини, многу често, дел од населените места се соочуваат со недостиг од чиста вода за пиење. Во Општина Ново Село постојат неколку населени места каде што водоснабдувањето не е решено, односно претставува огромен проблем. Населбите што се најзасегнати со овој проблем се населените места Мокриево и Мокрино. Според последниот Попис од 2002 година, во населеното место Мокриево живеат 1.211 жители, а во Мокрино живеат 748 жители. Двете населени места се наоѓаат во подножјето на планината Беласица и карактеристично за нив е тоа што жителите на овие населени места се обидуваат да го решат проблемот со водоснабдувањето на свој начин, така што имаат некаква водоснабдувачка мрежа која опфаќа само дел од населбата или мрежа		

	која опфаќа само една улица. Ваквиот начин на снабдување со вода за пиење доведува до неискористување на водните потенцијали, до соочување со постојан недостиг од вода, нерамномерна распределба на водата за сите жители на населбата, неквалитетно водоснабдување, а што е и најлошо, до појава на заразни болести кај целокупното население. Ваквата состојба е една од причините за неможноста на овие населби да се развиваат и да бидат посакувани места за живеење. Жителите на овие населби постојано бараат да им се помогне за да се надмине овој проблем. Општина Ново Село со овој проект сака да отпочне со неговото надминување. За таа цел, потребно е да се изработи проектна документација за изградба на водоснабдувачки системи за вода за пиење во овие две населби, со што ќе се создадат услови за изнаоѓање финансиски средства за нивната изградба. Вкупниот број лица кои ќе имаат корист од проектот, односно ќе бидат директни корисници, се 1.211 жители во Мокриево, 748 жители во Мокрино, или вкупно 1.959 жители во Општина Ново Село.		
Очекувани резултати од проектот	• 2 Геодетски елаборати со ажурирана геодетска подлога • 2 проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина – Мокриево и Мокрино • 2 ревизии на проекти за инфраструктура – Мокриево и Мокрино • 2 основни проекти – Мокриево и Мокрино • 2 ревизии на основни проекти – Мокриево и Мокрино		
Список на главни активности	• Формирање проектен тим • Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на проектна документација за изградба на водоснабдувачки системи во Мокриево и Мокрино во Општина Ново Село • Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на ревизии на основни проекти и проекти за инфраструктура со елаборат за заштита на животната средина за изградба на водоснабдувачки системи во Мокриево и Мокрино во Општина Ново Село • Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изградба на водоснабдувачки системи во Мокриево и Мокрино во Општина Ново Село • Изработка на ревизии на основните проекти и проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина за изградба на водоснабдувачки системи во Мокриево и Мокрино во Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите наведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2019 год.		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	650.000,00 ден	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	Процентуално сопствено учество		
Други извори	Биро за регионален развој		

Проект 22

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изградба на водоснабдувачки системи во Ново Коњарево и Смоларе во Општина Ново Село	Стратешка цел 1. Динамичен и одржлив развој на современа сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура во согласност со приоритетите и потребите на граѓаните	Приоритет 1.2. Осовременување, проширување и изградба на нова современа комунална инфраструктура Мерка 1.2.4. Изработка на техничка документација за подобрување на комуналната инфраструктура
Носител на проектот	• **Општина** • Јавна институција • НВО • Друго – наведи	
Краток опис на проектот	Во руралните општини, многу често, дел од населените места се соочуваат со недостиг од чиста вода за пиење. Во Општина Ново Село постојат неколку населени места каде што водоснабдувањето не е решено, односно претставува огромен проблем. Населбите кои се најзасегнати со овој проблем се населените места Ново Коњарево и Смоларе. Според последниот Попис од 2002 година, во населеното место Ново Коњарево живеат 934 жители, а во Смоларе живеат 659 жители. Двете населени места се наоѓаат во Општина Ново Село, Ново Коњарево во подножјето на планината Огражден, а Смоларе во подножјето на планината Беласица, и карактеристично за нив е тоа што жителите на овие населени места се обидуваат да го решат проблемот со водоснабдување на свој начин, така што имаат некаква водоснабдувачка мрежа која опфаќа само дел од населбата или мрежа која опфаќа само една улица. Ваквиот начин на снабдување со вода за пиење на населението доведува до неискористување на водните потенцијали, до соочување со постојан недостиг од вода, нејзина нерамномерна распределба за сите жители на населбата, неквалитетно водоснабдување, а што е најлошо, и до појава на заразни болести кај целокупното население. Ваквата состојба е една од причините за неможноста на овие населби да се развиваат и да бидат посакувани места за живеење. Жителите на овие населби постојано бараат да им се помогне за да се надмине овој проблем. Општина Ново Село со овој проект сака да отпочне со негово надминување. За таа цел, потребно е да се изработи проектна документација за изградба на водоснабдувачки системи за вода за пиење во овие две населби, со што ќе се создадат услови за изнаоѓање финансиски средства за нивната изградба. Вкупниот број лица кои ќе имаат корист од проектот, односно ќе бидат директни корисници, е 934 жители во Ново Коњарево, 659 жители во Смоларе, или вкупно 1.593 жители во Општина Ново Село.	
Очекувани резултати од проектот	• 2 Геодетски елаборати со ажурирана геодетска подлога • 2 проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина – Ново Коњарево и Смоларе • 2 ревизии на проекти за инфраструктура – Ново Коњарево и Смоларе • 2 основни проекти – Ново Коњарево и Смоларе • 2 ревизии на основните проекти – Ново Коњарево и Смоларе	
Список на главни активности	• Формирање проектен тим • Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на проектна документација за изградба на водоснабдувачки системи во Ново Коњарево и Смоларе во Општина Ново Село • Спроведување тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за	

	изработка на ревизии на основните проекти и проектите за инфраструктура со елаборат за заштита на животната средина за изградба на водоснабдувачки системи во Ново Кољарево и Смоларе во Општина Ново Село • Изработка на проектна документација на ниво на основни проекти за изградба на водоснабдувачки системи во Ново Кољарево и Смоларе во Општина Ново Село • Изработка на ревизии на основни проекти и проекти за инфраструктура со елаборати за заштита на животната средина за изградба на водоснабителни системи во Ново Кољарево и Смоларе во Општина Ново Село		
Чекори што треба да се реализираат	• Сите наведени активности		
Детален список на потребна техничка документација	/		
Статус на проектот	• Многу зрел, подготвен за имплементација		
Период на имплементација	2019		
Очекувани вкупни трошоци на проектот	700.000,00 денари	Досега се инвестирани во проектот:	/
Очекувани извори за финансирање			
Општински буџет	400.000,00 денари		
Други извори	300.000,00 денари/Биро за регионален развој		

Проект 23

Наслов на проектот	Стратешка цел на ИПЛР	Приоритет/Мерка на ИПЛР
